**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 100-145/3
09 јуни 2020 година
**С к о п ј е**

Врз основа на член 75 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/19) генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

## Д О П О Л Н У В А Њ Е Н А Г О Д И Ш Е Н П Л А Н
## за јавни набавки во 2020 година на Собрание на Република Северна Македонија

1. Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Собранието на Република Северна Македонија и Дополнување на Годишен план за јавни набавки за 2020 година на Собранието на Република Северна Македонија заведен под арх. бр. 100-145/2 од 11.02.2020 година, во делот I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки по точката „13“ се додава нова точка „13а“ која гласи:

| Ред. бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки** | | | | | | |
| 13а. | Продолжување, обнова и локална поддршка на софтверски лиценци за | 48218000-9 | стоки | Поедноставена отворена постапка | 3.200.000,00 | јуни | Продолжувањето и поддршката на лиценците е до |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | SYMANTEC и VERITAS | | | | | | 27.02.2023 година |

**Генерален секретар,**
Цветанка Иванова
______________________

**Изработил:** Вањa Ралев ______________
**Контролирал:** Александра Л.Трифунов ______
**Одобрил:** Јасмина Которчевиќ ______________

**Образложение:**

Собранието на Република Северна Македонија има потреба од сигурна и безбедна ИТ инфраструктурата во смисла на примена и употреба на модерни софтверски и инфраструктурни решенија кои ќе ги задоволат високите критериуми за сигурност, безбедност и надежност на информатичкиот систем на Собранието на РСМ, со што ќе се обезбеди непрекината работа на системот.

Во ИТ инфраструктура на Собранието, се имплеменитрани и функционираат Symantec и Veritas технологии за безбедност, архивирање и бекап, кои функционираат како еден интегриран систем за заштита, безбедност и достапност.

Согласно иницијалните планови набавката за обновата, продолжувањето и локалната подршка на лиценците за SYMANTEC и VERITAS тебаше да се спроведе од средства за донации од Програмата за поддршка на парламентот. Бидејќи донаторот не прифати набавката да се спроведе од планираните средства за донации, истата е потребно да се спроведе од буџетските средства на Собранието.

Средствата за јавна набавка на "Продолжување, обнова и локална поддршка на софтверски лиценци за SYMANTEC и VERITAS" се обезбедени на Раздел 02001 Собрание на Република Северна Македонија, потпрограма 20, ставка 485- вложувања и нефинансиски средства за продолжување на лиценците и ставка 424- поправки и тековно одржување за локалната поддршка од избраниот понудувач, кои средства остануваат слободни поради неспроведување на набавката за "Софтвер за финансиско, материјално и кадрово работење поврзан со модул за електронска евиденција на работното време и следење на договорите за јавни набавки" за што беа обезбедени средства на сметката на Буџетот на Собранието а со одлука за прераспределба на Буџетот се намалени во однос на планираните.

Земајќи го предвид барањето за проширување на Годишниот план за јавни набавки од Секторот за информатички и комуникациски технологии под бр. 07-1929/1 од 21.05.2020 година како и обезбедените средства во Буџетот на Собранието за 2020 година за таа намена, предлагаме да се дополни Годишниот план за јавни набавки за 2020 година.